Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Архивски бр. 11-2356/2
Дата: 22.11.2011

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 6б
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До : АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
ул. "Даме Груев" бр.14
Скопје

Предмет: Доставување на Решение

Врска: Ваш број 02-218/2 од 04.03.2011година

Почитувани,

Согласно Вашето известување за намера за изведување на Проектот: "Надградба на магистралниот пат М-6 Штип - Струмица во автопат"и барањето за определување на обемот за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, во прилог на овој допис Ви го доставуваме Решението со кое се утврдува потреба од оцена на влијанието на Проектот: "Надградба на магистралниот пат М-6 Штип - Струмица во автопат ", како и обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.

Со почит,

Изготвил: Билјана Спироска
Провериле: М- р Зоран Бошев
М-р Сашко Јорданов
Илбер Мирта

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
ДИРЕКТОР
Филип Иванов

Република Македонија
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**

[redacted]

Република Македонија
**Министерство за**
**животна средина**
**и просторно планирање**

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

Врз основа на член 81 став 8 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр.53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010 и 51/2011), Министерот за животна средина и просторно планирање донесе:

# РЕШЕНИЕ

1. Со ова решение се утврдува потребата од оцена на влијанието на Пректот: "Надградба на магистралниот пат М-6 Штип - Струмица во автопат", поднесено од Агенција за државни патишта со седиште на ул. "Даме Груев" бр. 14 од Скопје, како и обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина.

2. Обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина е определен во Листата на проверка за определување на обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина: прашања за карактеристиките на проектот, која е составен дел на ова решение.

3. Обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина покрај Листата на проверка за определување на обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина: прашања за карактеристиките на проектот, треба ги опфати и прашањата кои се однесуваат на: визуелни аспекти, биолошка разновидност, кумулативни влијанија и социо-економски аспекти.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во најмалку еден дневен весник достапен на целата територија на Република Македонија, на интернет страницата, како и на огласната табла во Министерството за животна средина и просторно планирање.

Република Македонија
**Министерство за животна средина
и просторно планирање**

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

## *Образложение*

На ден 04.03.2011 година од Агенција за државни патишта со седиште на ул. "Даме Груев" бр.14 од Скопје до Министерството за животна средина и просторно планирање е доставено Известување за намера за изведување на Пректот: ""Надградба на магистралниот пат М-6 Штип - Струмица во автопат" и барање за определување на обемот на оцена на влијанието на проектот врз животната средина бр.11-2356/1

Целта на проектот: "Надградба на магистралниот пат М-6 Штип - Струмица во автопат" е изградба на делница од Штип до Струмица. Изградениот автопат ќе поминува низ општините Штип, Радовиш, Василево и Струмица. Вкупната должина на автопатот ќе изнесува 65,5км.

Согласно Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр.53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010 и 51/2011) и Уредбата за определување на проекти и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина ("Службен весник на РМ" бр.74/2005), предложениот проект се наоѓа во Прилог 1 – Проекти за кои задолжително се врши оцена на влијанијата врз животната средина, точка 7 – Изградба на: (в) нов пат со четири или повеќе ленти или повторно порамнување и/или проширување на постоечкиот пат од две или помалку ленти, за да се добијат четири или повеќе ленти, доколку таквиот нов пат или повторно порамнет и/или проширен сегмент од патот ќе има 10km или повеќе во континуирана должина и за него е потребно да се спроведува постапката за оцена на влијанието врз животната средина.

За таа цел се пристапи кон пополнување на Листата на проверка за определување на обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина: прашања за карактеристиките на проектот и се изврши определување на обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина Покрај прашањата опфатени во Листата на проверка за определување на обемот на студијата за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, инвеститорот треба подетално да ги разработи следните прашања:

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 6б
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

*Визуелни аспекти*

Овие аспекти се едно од клучните прашања во релација со животната средина во текот на оперативната фаза на овој вид на инфраструктурни проекти. Од тие причини, тие претставуваат важен сегмент на Студијата за ОВЖС, која треба да опфати ефекти врз пределот поврзани со неговите физички карактеристики и визуелни ефекти поврзани со прифатливоста на новиот изглед на пределот од страна на локалното население и други рецептори.

*Биолошка разновидност*

На патниот правец М6 Штип - Струмица од десната страна на Дервенската клисура, се наоѓа палеовулканската купа Пилав Тепе (601м). Пилав Тепе предстваува ридесто возвишение (вулканска купа) од десната страна на патот Радовиш- Штип. Овој локалитет представува ново идентификувано подрачје за заштита поради присуставо на грабливи птици.

Според Просторниот План на РМ,Секторската Студија за заштита на природното наследство од левата страна на Девенската Клисура на патниот правец Штип- Радовиш, во близина на селото Сопур се наоѓа Локалитетот Мочарник, кој представува значаен поп присуство на фосилна фауна

Обемот на СОВЖС треба да вклучи анализа на состојбите со билошката разновидност на подрачјето, евентуално присуство на загрозени или заштитени видови и хабитати, како и потенцијалните влијанија од спроведување на проектот. Исто така во СОВЖС треба да се предвидат зелени премини за животни, посебно на делот од патниот правец Радовиш- Струмица , заради обезебедување на непречено движење на животните.

*Кумулативни влијанија*

Во случај да постојат проекти / инсталации со потенцијал за слични влијанија врз животната средина во опкружувањето на предложениот автопат, СОВЖС треба да вклучи анализа на кумулативните ефекти.

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

*Социо-економски аспекти*

Оцената на социо-економските аспекти ќе даде осврт на потенцијалните директни и индиректни ефекти од проектот врз локалната економија и социјалните состојби во подрачјето од спроведување на истиот.

Врз основа на горенаведеното го одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: Против ова решение инвеститорот, засегнатите правни или физички лица, како и здруженијата на граѓани формирани за заштита и за унапредување на животната средина, можат да поднесат жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управните работи во втор степен од областа на животната средина, во рок од осум дена од денот на објавувањето на решението.

Подготвил: Билјана Спироска
Соглсени: М-р Зоран Бошев
М-р Сашко Јорданов
Илбер Мирта

Одобрил: Филип Иванов

МИНИСТЕР
ABDILAQIM ADEMI